БРАКО е македонска металопреработувачка извозно ориентирана компанија со преку 500 вработени, каде над 90% од производите се наменети за извоз и претставува препознатлив бренд за производство на секаков вид жичани производи, тешки метални конструкции (куќишта за хидро турбини, модуларни контејнери итн.), широк асортиман на медицински мебел и медицински помагала како и препознатливите возила за чистење улици и јавни површини чие производство, склопување и развој се врши во Република Македонија.

---

Брако ДОО Велес има потреба од работници на работната позиција

# ЗАВАРУВАЧИ (CO2 и АРГОН)

**ШТО НУДИМЕ:**

- Плаќање на секаква дополнителна/прекувремена работа и додатоци на плата согласно важечките законски прописи во државата
- Нормирана работа одобрена од нашите европски партнери како можност за дополнителна заработка
- Обезбедена кетеринг исхрана на трошок на компанијата
- 24-часовно осигурување од повреда/несреќа
- Користење на бенефиции и попусти од нашата мрежа на трговци/соработници
- Работа во современа работна средина и на современа и безбедна опрема
- Работа во компанија со преку 500 вработени каде безбедноста на вработените е на прво место
- Можност за соработка со докажани интернационални партнери

**РАБОТНИ ЗАДАЧИ:**

- Прием и налог на технички цртеж за работа
- Проверка на апаратот за заварување и поставување на параметри за заварување
- Проверка и складирање на заварениот производ

**ПОТРЕБНО ОБРАЗОВАНИЕ И СПОСОБНОСТИ:**

- Најмалку средно стручно образование (предност технички струки)
- Способност за читање на техничка документација
- Способност за заварување со различни типови на материјали
- Способност за извршување на сменска работа
- Познавање на повеќе техники на заварување ќе влијае на висината на платата
- Познавање на законските прописи од областа на безбедноста и заштитата при работа

**БРАКО нуди можност за вработување на кандидати без работно искуство кои ги исполнуваат бараните критериуми преку платена доквалификација(обука) од сертифицирани обучувачи за бараната работна позиција.**

Со испраќањето на Вашата кратка биографија, согласни сте Вашите лични податоци да бидат обработени исклучиво за потребите на регрутација и селекција од страна на ДПТУ БРАКО ДОО Велес и истите да бидат зачувани во дата базата на компанијата.

**Напомена:** Кандидатите можат во секое време да ја повлечат согласноста за обработка на нивните лични податоци преку испраќање на известување на електронската пошта: hr@brako.com.mk

**Само кандидатите кои ќе влезат во потесна селекција ќе бидат контактирани.**

**Прашања и повеќе информации на тел. 075 293 691.**